ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 23-210/11**

**Дата: 31.10.2013**

**ДО**

**АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за млади и спорт (во натамошниот текст АМС) - сметка на основен буџет (637-16) за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на АМС за 2007 година за кои е изразено негативно мислење додека пак за наменското и законско користење на средствата на АМС изразено е негативно мислење. Со ревизијата за 2012 година беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е констатиран напредок во имплементацијата на препораките. Од вкупно 10 препораки имплементирани се 2, 3 препораки се делумно спроведени, 2 препораки не се спроведени, а 3 препораки не се применливи.

Врз основа на резултатите од ревизијата, не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива. За прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, изразуваме негативно мислење.

Со ревизијата констатиравме дека АМС не воспоставило соодветни внатрешни контроли кои треба да го обезбедат наменското и законското користење на средствата кои се трансферираат на Националните спортски федерации (НСФ) за реализација на нивните програми. Распределбата на средства до НСФ не се врши врз основа на воспоставени мерливи критериуми врз чиј основ ќе се определува висината на исплатените средства, а склучените договори со НСФ не содржат одредби со кои ќе се прецизира намената на одобрените средства.

Во поглед на прикажувањето на состојбите во финансиските извештаи на АМС, утврдивме недостатоци во спроведениот попис на материјалите и ситниот инвентар, побарувањата и обврските, а во сметководствената евиденција не е воведен објект - хотел за чие користење според документација од судски спор произлегува дека правото на користење го има АМС.

При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, ревизијата констатира состојби кои упатуваат на: пропишување на услови за учество во постапката за ЈН кои негативно влијаат врз бројот на економски оператори кои доставиле понуда за учество, преотстапување на градежните работи од страна на носителите на работите на подизведувачи, измени на пропишаниот образец на договор кој е составен дел на тендерската документација по изборот на носител на работите, значително доцнење во реализацијата на градежните активности, како и недостаток на поголем број на документи од битно значење за утврдување на исправноста на извршениот избор кај дел од реализираните постапки за ЈН.

Поради неспроведениот реален попис на средствата и изворите на средства, неизвршеното евидентирање на објектот во кој е сместен хотел Магнус во Охрид, неизвршеното евидентирање на набавените материјали и ситен инвентар за потребите на АМС, и невоспоставената процедура која ќе обезбеди целосна материјална одговорност на вработените во АМС задолжени со опрема и материјали за извршување на работните задачи, не бевме во можност да се увериме во реалноста и објективноста на прикажаната состојба на обврските во Билансот на состојбата на ден 31.12.2012 година.

За надминување на ваквите состојби, укажуваме дека одговорните лица во АМС треба да преземат активности кои ќе обезбедат воспоставување на силна внатрешна контрола врз наменското и законското користење на средствата кои се трансферираат на НСФ, распределбата на средствата до НСФ да се врши врз основа на мерливи критериуми, а во договорите да се вклучат одредби со кои ќе се пропише за која намена се одобруваат средствата.
АМС да преземе мерки за надминување на констатираните недостатоци при спроведувањето на пописот на материјалите, ситниот инвентар, побарувањата и обврските, како и точно искажување на сите позиции во Билансот на состојбата.
Во поглед на спроведените постапки за ЈН потребно е да се зголемат напорите за обезбедување на конкуренција согласно основните постулати на Законот за јавни набавки, доследно почитување на сите услови кои се предвидени во тендерската документација, навремено и квалитетно завршување на градежните работи и утврдување и корегирање на причините за недостатокот на дел од документацијата за спроведените постапки за јавни набавки од минати години.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 23 до 25 заедно со ревизија на усогласеност на АМС - сметка на основен буџет 637-16, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на АМС, за 2007 година за кои е изразено негативно мислење, како и за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи на АМС за 2007 година.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- м-р Лазар Поповски, директор од 13.09.2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на АМС се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради изнесеното во делот „Цели и делокруг на ревизијата“ ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на АМС, на ден 31 декември 2012 година.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Потребно е да истакнеме дека предмет на ревизијата не беше целосноста и квалитетот на реализацијата на договорените градежни работи од технички и оперативен аспект (сообразност на видот и количината на употребените материјали во однос на прикажаните во времените ситуации, предмер пресметката и изведбениот проект, како и потрошени работни часови), бидејќи овие надлежности се лоцирани како одговорност кај надзорниот орган ангажиран од инвеститорот.

2.3 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. АМС нема спроведено реален попис на средствата и изворите на средства, и нема извршено процена и евидентирање на објектот во кој е сместен хотел Магнус во Охрид како и евидентирање на набавените материјали и ситен инвентар за потребите поради што, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на Агенцијата за млади и спорт, на ден 31 декември 2012 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2013 до 31.05.2013 кај АМС од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходни години - спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година при што констатира дека од вкупно 10 препораки имплементирани се 2, 3 препораки се делумно спроведени, 2 препораки не се спроведени, а 3 препораки не се применливи поради долгиот временски период меѓу двете ревизии.
Во Прилог 1 кон овој извештај, дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведувањето на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 18.07.2013 година.

На ден 17.09.2013 година број 23-210/9 примени се забелешки од одговорното лице на субјектот, број 03-538/3 од 16.09.2013, по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.
Забелешките се разгледани и делумно е прифатена дадената забелешка по точката 4.1.9. , додека целосно е прифатена забелешката за наодот во точката 4.3.1. при што извршени се соодветни промени во утврдената состојба со Нацрт извештајот. Останатите забелеши не се прифатени.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.
Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во согласност со член 22 и член 24 од Законот за спорт, за остварување на јавниот интерес во спортот на предлог на АМС, Владата на РМ донесува Програма за развој на спорт и млади и Програма за распределба на средства од игри на среќа за финансирање на спортските федерации, клубови и проекти на АМС за унапредување на спортот во РМ (Сл. Весник на РМ 12/2012). Средствата кои се планирани во овие програми се користат за реализирање на приоритетни програми со кои се остварува јавниот интерес на државата во спортот. Распределбата на овие средства се врши врз основа на Правилникот за постапката и критериумите за распределба на средствата за остварување на јавниот интерес во спортот по пат на поединечна процентуална распределба по националните спортски федерации (НСФ) на средствата кои се обезбедени по точките 1, 2 и 3 од Програмата за распределба на средства од игри на среќа

како и поединечна процентуална распределба по НСФ кои се предвидени во точка 1 и 2 од Програмата за развој на спорт и млади. Во врска со рапределбата на средствата ги утврдвме следните состојби:

- Со извршена пресметка на процентите за распределба на средства на НСФ, утврдивме дека единствено по точката 2 од Програмата за распределба на средства од игри на среќа збирот на подинечните проценти изнесува 100%, додека по точка 1 од истата програма збирот изнесува 88%, по точката 3 збирот изнесува 97% а по точките 1 и 2 од Програмата за развој на млади и спорт, збирот изнесува 118%. Поради ова доведена е во прашање вистинитоста и точноста на износот кој е определен за распределба по намени кои се опишани во соодветните точки од наведените Програми, а НСФ да преземат обврски во висина која АМС објективно не е во можност да ја исплати што ќе доведе до префрлање на преземените обврски за исплата на средства од буџетот за следната година.
- Имајќи во предвид дека НСФ немаат идентични потреби за финансиски средства и покажуваат различно ниво на активност, масовност на спортисти и различни спортски резултати, се јавува потреба од воспоставување на пишана методологија врз основа на која ќе се определи начинот на распределба на средствата на НСФ. Во текот на 2012 година висината на средствата исплатени на НСФ е определена врз основа на проценти наведени во споменатиот Правилник, меѓутоа нивната висина од страна на службите на АМС не е утврдена врз основа на егзактни и мерливи критериуми преку пишана методологија. Како резултат на ова, поедини НСФ кои бележат ниско ниво на активност и имаат мал број на регистрирани клубови и спортисти добиваат сличен или повисок износ на средства во однос на НСФ со значително повисоко ниво на активности, број на спортисти, клубови и остварени спортски резултати.

**Препорака**
Раководното лице во АМС да преземе мерки распределбата на средствата до НСФ да се врши на начин кој ќе базира врз мерливи критериуми кои ќе обезбедат праведна финансиска поддршка на НСФ имајќи ги предвид, но не и ограничувајќи се на факторите како што се активноста на федерациите, бројот на спортисти и клубови, остварени резултати и финансиска отчетност.

4.1.2. Од извршената анализа на одредбите на Програмата за развој на спорт и млади и Програма за распределба на средства од игри на среќа за финансисрање на спортските федерации, клубови и проекти на АМС за унапредување на спортот во РМ утврдивме дека истите содржат само општи насоки во поглед на наменското користење на средствата кои се распределуваат на НСФ. Во врска со доделувањето на средствата на НСФ, АМС склучува договори со НСФ. Договорите кои се склучуваат со корисниците на средствата не содржат одредби со кои дополнително се појаснуваат намените за кои може да се искористат одобрените средства, ниту пак е воспоставена обврска овие средства да се исплатат на посебна наменска сметка на НСФ.

Вака склучените договори не создаваат обврска корисниците на средствата да ги употребуваат доделените средства за намени за кои се побарани и овозможуваат трошење на средствата за други цели.

**Препорака**

Стручните служби во АМС да извршат дополнување на одредбите од договорите со НСФ во врска со прецизирање на намената на одобрените финансиски средства од страна на Агенцијата и да предвидат отварање на посебна наменска сметка.

4.1.3. Членот 24 од Законот за спорт како и одредбите во договорите кои ги склучува АМС со НСФ и даваат можност на АМС да врши контрола на наменското користење на средства од Програмите кои се распределени на корисниците. Извршивме увид во документацијата, финансиските извештаи, сметките и фактурите кои НСФ ги доставуваат до АМС како поткрепа за прикажаните трошоци и притоа го утврдивме следното:

- 7 НСФ на кои им е исплатен вкупен износ во висина од 6.485 илјади денари не постапиле во согласност со одредбите од договорите кои ги склучиле со АМС и Законот за спорт и не доставиле финансиски извештај;
- Кај НСФ кои доставиле финансиски извештаи поткрепени со документација утврдивме дека обврските во овој поглед ги обавуваат во голема мера на незадоволително ниво при што доставените фактури и сметки се нецелосни и не го покриваат вкупниот износ на средства кои се добиени од страна на АМС, ниту сите НСФ доставуваат банкарски изводи од кои ќе може да се потврди вистинитоста на тврдењата дека доставените фактури и сметки се навистина платени.
- Доставените фактури и сметки не ги содржат сите податоци кои се потребни за утврдување на точноста на прикажаниот износ и веродостојноста на направениот трошок – при сместувањето на спортисти, не се наведени имињата на лицата кои користеле сместување, превозот на спортистите се правда со фактури и сметки на кој не е наведен типот на возилото од што непосредно зависи висината на прикажаниот трошок, а онаму каде што е тоа наведено, АМС нема капацитет да ја провери вистинитоста на тоа тврдење. Некои НСФ даваат аванси на спортисти кои потоа не се поврзани со патни налози поради што не може да се утврди дали средствата се оправдани со сметки од извршено патување.
- Со актот за систематизацијата на работните места на АМС не е воспоставена, ниту е дадена надлежност на посебна организациона единица за вршење на работи на контрола на наменското и законското користење на средствата доделени на НСФ, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
- Утврдивме дека одделението за внатрешна ревизија во изминатите две години има извршено контрола врз три НСФ (атлетска, мотоциклистичка и боксерска) или 6,5% опфат во однос на исплатените средства за една буџетска година. Овој процент не обезбедува задоволително ниво на опфатност на извршена финансиска контрола на трансферираните средства.

Наведените недостатоци укажуваат дека АМС нема воспоставено соодветен контролен механизам кој ќе обезбеди трошење на трансферираните средства до НСФ за претходно дефинирани намени поврзани со спортски активности и воспоставено контролни механизми кои ќе обезбедат задоволително ниво на финансиска дисциплина и финансиска отчетност на НСФ, што создава високо ниво на ризик за користење на средства за активности кои не се поврзани со основната дејност на НСФ.

**Препораки**

1. Одговорното лице на АМС да воспостави мерки за зајакнување на дисциплината кај НСФ во поглед на навременото и целосно доставување на неопходната финансиска документација како доказ за наменското користење на одобрените средства.
2. Директорот на АМС да изврши промени во актот за систематизација на работните места на АМС, во насока на зајакнување на контролата врз наменското и законското трошење на средствата трансферирани до НСФ.

4.1.4. Средствата од точката 2 од Програмата за развој на спорт и млади во висина од 2.500 илјади денари кои се наменети за ограничена поддршка на програмите на федерациите кои имаат кандидати за учество на Олимписките игри не се користат за зададената намена односно истите се исплаќаат заедно со средствата од точка 1 од истата програма наменети за поддршка на националните федерации за учество на меѓународни натревари во висина од 12.750 илјади денари што е слична, но не и идентична цел во однос на точката 2. АМС нема процедури кои ќе обезбедат средствата од точката 2 од Програмата, НСФ да ги насочуваат кон оние спортисти за кои се и наменети односно кои имаат потенцијал за учество на ОИ, или оние спортисти кои имаат исполнето норма за учество на ОИ, ниту пак е развиена методологија со која ќе се воспостави база на спортисти кои се во активен тренажен процес би постигнале спортски резултат со кој потенцијално би можело да се достигне соодветната олимписка норма за настап на Олимписките игри. Начинот на кој е вршена исплата на средствата во 2012 година преку сметките на НСФ не гарантира дека средствата се употребени за намената за која се издвоени во Програмата

**Препорака**

АМС да го корегира начинот на поддршка на потенцијалните Олимписки кандидати и да обезбеди средствата кои се одвојуваат за нивна поддршка да се искористуваат во согласност со намената за која се издвоени во Програмата за млади и спорт.

4.1.5. Преку Програмата за распределба на средства од игри на среќа за 2012 година за финансирање на НСФ и клубови и проекти на АМС за унапредување на спортот во РМ во делот од точката 3, обезбедени се средства во висина 4.000 илјади денари за финансирање на прворангираните клубови кои учествуваат во националниост систем за натпревари. За појаснување на начинот за распределба на овие средства АМС има донесено Правилник за постапката и критериумите за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот во врска со што ги утврдивме следните недостатоци:

- Со анализа на Програмата за распределба на средства од игри на среќа евидентно е дека средствата алоцирани за оваа намена во точката 3 се однесуваат само за прворангираните клубови во националниот систем на натпревари организиран од страна на НСФ. Правилникот за постапката и критериумите за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот, со кој се пропишува начинот за распределба на средствата, во членот 19 пропишува услови за распределба на средствата на прворангирани клубови во висина од 60% од предвидените средства и 40% за второрангираните клубови. Исплата на средства на второрангирани клубови не е предвидено со Програмата за распределба на средства од игри на среќа за 2012 година, поради што извршената распределба на средства во висина од 1.572 илјади денари на второрангираните тимови не е во согласност со правните акти од оваа област.
- Износот на надоместокот кој им се исплаќа на овие клубови се одредува во проценти за секоја НСФ врз основ на табела објавена во Правилникот. Висината на процентот за секоја НСФ не се одредени врз основа на прецизни критериуми, туку истите се преземени од минати години без некои подетални анализи за оправданоста на одобрениот процент.

**Препорака**

Имајќи ги во предвид констатираните недостатоци во наодот од оваа точка, одговорното лице на АМС да предложи и донесе измени во Правилникот за постапката и критериумите за распределба на средства за остварување на јавниот интерес на начин кој ќе обезбеди распределбата на средствата да се врши на начин како што е предвидено во точката 3 од Програмата за распределба на средства од игри на среќа.

4.1.6. Согласно член 37-а и 37-б од Законот за спорт, спортисти до 20 години, државјани на РМ кои имаат остварено резултати во одреден временски период на официјални државни и меѓународни натпревари во олимписки и неолимписки спортови се здобиваат со статус спортист спортска надеж.

За стекната спортска категорија спортистот добива диплома и месечен паричен надоместок во висина од 20% од просечна плата исплатена во РМ во претходната година. Во текот на 2012 година по овој основ АМС има исплатено вкупно 20.572 илјади денари на 487 спортисти кои се стекнале со овој статус. Критериумите за здобивање со овој статус се пропишани во Уредбата за условите, критериумите и начинот на доделување на категоријата спортист-

спортска надеж согласно на која НСФ има обврска да достави Ранг листа на спортистите. Со оглед на тоа што овој статус се доделува за остварен резултат, НСФ до АМС треба да достави и соодветен Билтен со остварени спортски резултати како потврда на подготвените Ранг листи на спортисти, а со цел АМС да изврши правилно оценување на исполнетоста на условите и критериумите за доделување на наведениот статус (член 7 од Уредбата). За оваа цел АМС има усвоено Правилник за водење постапка и утврдување број на спортисти за стекнување со спортска категорија спортист-спортска надеж. Во врска со извршените исплати по овој основ ги утврдивме следните недостатоци:

- Со извршените тестирања на доставената документација утврдивме дека во апликациите кои се доставуваат од страна на дел од НСФ недостигаат Ранг листи на спортисти со билтени за постигнати резултати во индивидуалните спортови и билтени за настап во репрезентации до 20 години, а наведените подзаконски акти не содржат одредби со кои се прецизирани критериуми какви спортски резултати треба да исполнат спортистите кандидати за статус спортска надеж. Како резултат на ова на телата (Совет за спорт, комисија) формирани од АМС им се отежнува можноста да извршат оцена на спортските резултати кои ги постигнале овие кандидати, поради што постои можност од вршење на исплати на кандидати кои постигнуваат слаби спортски остварувања или се напреваруваат во услови на недостаток на конкуренција.
- Не добивме доказ дека АМС има воспоставено контролен механизам со цел проверка на извршувањето на обврските од страна на спортистите кои се стекнале со статус спортска надеж во поглед на почитување на одредбите од член 4 од склучените Договори со АМС. Овој член предвидува обврска корисникот на паричен надоместок да биде спортски активен во периодот од 10 месеци односно за периодот во кој му се исплатуваат средствата. Поради ова постои ризик од вршењена исплати на неактивни спортисти за време на периодот за кој се врши исплатата.
- Во членот 7 од Правилник за водење постапка и утврдување број на спортисти за стекнување со спортска категорија спортист-спортска надеж кој е донесен од страна на АМС е предвидена исплата на надоместоци за ученици кои се наоѓаат на конечната листа на селектирани кандидати за упис во Државното средно училиште за физичка култура во учебната 2012/2013 година. Оваа можност не е предвидена со Законот за спорт и Уредбата за условите, критериумите и начинот на доделување на категоријата спортист-спортска надеж, а наведениот Правилник е усвоен со цел да се изврши појаснување на постапката за аплицирање на кандидатите. Органот на управа нема правен основ за усвојување на подзаконски акт со одредби со кои се врши дополнување на категориите на лица кои имаат право да аплицираат за надоместок и немаат постигнато соодветни спортски резултаи, спротивно на член 37а од Законот за спорт, поради што направените издатоци по овој основ се неосновани.

**Препораки**

1. Комисиите на АМС да не ги прифакаат сите апликации доставени од НСФ, кои не ги содржат сите потребни елементи за оценување на точноста на добиените Ранг листи.
2. Одговорното лице на АМС да воспостави контролен систем кој ќе обезбеди исплата на надоместоците да се врши само на активни спортисти.
3. Да се преиспита одредбата од Правилникот за водење постапка и утврдување број на спортисти за стекнување со спортска категорија спортист-спортска надеж со која се одобрува исплата на надоместоци на ученици и исплата на надоместоци да се врши исклучиво врз основа на постигнати резултати во определен временски период.

4.1.7. Во согласност со член 117 од Законот за работни односи, АМС има воспоставено систем за електронска евиденција на работното време. Од извршените разговори со одговорните лица и увидот во документацијата за исплата на плати, утврдивме дека овој систем функционирал формално односно не се вршело доставување на листите за редовност на анализа за оправданоста на отсуствата од работа, боледувањата на вработените и поврзување на исплатата на платата со отсуствата од работа. Ваквата состојба може да има влијание врз квалитетното и навременото извршување на редовните работни обврски.

**Препорака**

Директорот на АМС да иницира суштински промени во функционирањето на системот за електронска евиденција во насока која ќе ја елиминира можноста од појава на недисциплина кај вработените.

4.1.8. АМС во текот на 2012 година има извршено исплати во висина од 1.035 илјади денари за ангажман на повеќе лица преку авторски договори за извршување на работни задачи опишани во Правилникот за систематизација и организација на работните места на АМС. Со оглед на тоа што овие лица биле распоредени на извршување на секојдневни редовни работни задачи, ваквиот ангажман не представува авторско дело, согласно на Законот за авторски дела. Поради ова АМС ваквиот ангажман на лица не можела да го реализира по пат на склучување на авторски договори, туку исклучиво по пат на привремено или редовно вработување со претходно добиена согласност од МФ, што укажува дека извршените исплати по овој основ не се во согласност со законските прописи.

Директорот на АМС во текот на 2012 година ја прекинал праксата за ангажман на лица за извршување на секојдневни редовни работни задачи преку авторски договори.

4.1.9. Со ревизијата на буџетот за 2012 година, утврдивме дека Агенцијата за млади и спорт финансиски не ги подржала активностите на младите како една од областите за која со закон е основана и задолжена да ја следи состојбата,

поради побарани, а неодобрени средства од Буџетот на РМ. Согласно член 30 од Законот за организација и работа на органите на државна управа, АМС ги врши работите кои се однесуваат на грижа за психофизичкиот развој на младите и нивна заштита од болести на зависности, проституција, криминал и други социопатолошки појави, грижа за статусот на младите, поттикнување и помаѓање на различни активности на организирање на младите, преземање активности за создавање на услови за задржување на способните и талентирани млади во РМ како и создавање на услови за нивно враќање во земјата. Непланирањето на средства за младите во последните три години во буџетот на агенцијата, го доведува во прашање остварувањето на целите за развој и промоција на здрави животни стилови на младите, заштита од болести на зависност како и развој на механизми за реализација на превентивна грижа и афирмација на политики за нивно задржување во земјата.

**Препорака**

Раководното лице на буџетскиот корисник во рамки на максималните износи на средства содржани во буџетскиот циркулар, во буџетското барање да алоцира средства и за млади како една од двете области за која оваа агенција согласно закон е основана и задолжена да ја следи состојбата.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на 31 декември 2012 година не е извршен во согласност со член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетсите корисници и членовите 29-35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, од следните причини:

- пописните листи не содржат парични вредности поради што значително е отежнато усогласувањето со сметковдствената евиденција
- Поединечните пописни листи не се потпишани од страна на членовите на пописната комисија што не е во согласност со член 31 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници;
- Основните средства и инвентарот на установата не се обележани со инвентарни броеви што би го олеснило извршувањето на пописот.

Пропустите и грешките во извршениот попис не даваат доволно уверување за реалноста и објективноста на состојбите прикажани во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

**Препорака**

Директорот на АМС да преземе активности со цел да обезбеди целосно спроведување на пописот во согласност со законските и подзаконските прописи како и да се изврши обележување со инвентарни броеви на целокупната опрема во сопственост на АМС.

4.2.2. Од побараниот список на судски спорови од значење за АМС и контакти со одговорните лица, утврдивме дека АМС се јавува како страна во судски спор во врска со објектот во кој е сместен хотел Магнус во Охрид. Од добиената судска пресуда недвосмислено произлегува дека АМС го има правото на користење со овој објект. Меѓутоа службите на АМС не извршиле процена на неговата вредност и истиот не е воведен во сметководствената евиденција. Како резултат на ова салдото на позициииите Градежни објекти и Деловен фонд во Билансот на состојба на 31.12.2012 година се потценети во висина на вредноста на овој објект.

Имаме обврска да известиме дека во минати години АМС има извршено инвестиции во опремување и адаптирање на овој објект со цел истиот да се понуди на користење на спортски екипи упатени на подготовки, меѓутоа до денот на ревизијата објектот не е користен за оваа намена.

**Препорака**

1. Директорот на АМС да иницира процена на објектот согласно Законот за процена по што истиот ќе се воведе во сметковдствената евиденција
2. АМС да ја разгледа состојбата во која се наоѓа овој објект и можноста за повторно отпочнување со работа.

4.2.3. АМС нема воспоставено процедура за книговодствено евидентирање и воведување во употреба на набавените постојани средства поради што набавената информатичка опрема во текот на 2012 година во висина од 117 илјади денари опрема не е сметководствено евидентирана на содветната позиција согласно Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Во текот на ревизијата, од страна на АМС беше прифатена и спроведена корекција на позициите Постојани средства и Деловен фонд кои беа зголемни за наведениот износ. Непостоењето на ваква процедура представува основ и за несоодветно издавање на опремата (лаптоп компјутери, телефони, фотоапарати) без целосно задолжување на вработените со реверс што има за ефект необезбедена материјална одговорност на вработените за примената опрема на користење. Од страна на пописната комисија е констатиран недостаток на два лаптоп компјутери, а на барање на ревизијата за вршење на увид на опремата сопственост на АМС одговорија најголем дел, но не сите вработени во АМС од кои тоа беше побарано. Како резултат на необезбедената материјална одговорност, постои ризик со дел од опремата да располага неовластено лице и истата да не се користи за предвидената намена.

**Препорака**

АМС да воспостави процедури и да задолжи лице за материјално задолжување на вработените преку издавање и потпишување на реверси за опремата во сопственост на АМС која се издава за извршување на службените работни задачи, на начин кој ќе обезбеди материјална одговорност на вработените за примената опрема.

4.2.4. АМС има извршено набавки на материјали за административно работење кои согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници не се евидентирани во сметководствената евиденција на соодветните конта на залихи. Најчеста пракса е при приемот на материјалите истите да се стават во употреба, иако сите количини не можат веднаш да се потрошат и истите се чуваат во посебна просторија. Поради ова одговорните лица во АМС не обезбедиле материјална одговорност во врска со приемот и издавањето на материјалите и ситниот инвентар согласно потребите на вработените и АМС. Оваа практика придонесува одговорните лица во Агенцијата да немаат точен податок за видот и количеството на материјали кои ги поседува АМС, што го оневозможува планирањето на идните набавки според реалните потреби, создава ризик од нерационално користење и има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбата на материјалите на залиха и во употреба.

**Препорака**
АМС да обзбеди целосна и точна финансиска евиденција на примените и издадените материјали и ситен инвентар, а за приемот на стоките да се назначи лице кое ќе обезбеди целосна и точна материјална евиденција на извршениот прием и издавање на материјалите.

4.2.5.Во текот на годината сметководствено не се евидентирани примените фактури од добавувачи што не е во согласност со член 2 и член 6 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а истите се евидентираат во моментот на нивното плаќање. Поради ова одговорните лица во Агенцијата, во текот на годината немаат увид во фактичката состојба на доспеаните обврски. На крајот на годината извршено е евидентирање на сите неплатени фактури во Билансот на состојбата на ден 31.12.2012. Со оглед на тоа што АМС во 2012 нема воспоставено книга на влезни и излезни фактури, а во архивската книга на фактури не се евидентираат и времените ситуации, не бевме во можност да ја потврдиме точноста и целосноста на позицијата Обврски кон добавувачи прикажана во износ од 1.156 илјади денари.

**Препорака**
Одговорните лица во АМС да започнат со евидентирање на примените фактури во моментот на прием на истите, со што ќе се обезбеди навремена, целосна и точна евиднција на обврските кон добавувачите кои ги има АМС.

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.6. Во текот на 2012 година за трите возила во сопственост на АМС, извршени се исплати кон добавувачи во висина од 594 илјади денари за набавка на гориво. Расходите се признати врз основа на претходно доставени фактури од страна на добавувачите, но без воспоставена процедура на отчетност за потрошеното гориво од страна на корисниците на возилата (не постојат патни налози, нема воспоставено евиденција на изминатата километража и намената за која е употребено возилото), што не дава уверување дека возилата се користат само за службени цели. Ваквото работење не е во согласност со член 18 од Законот и член 17 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

АМС да воспостави контролен механизам кој ќе обезбеди употреба на возила за службени поптреби преку воспоставување евиденција и поврзување на истата со решенијата за службен пат и патните налози.

## 4.3. Користење на средства согласно закони и прописи

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на АМС за 2012 година со Законот за јавни набавки (ЗЈН), извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки. Поради долгиот рок на реализација на дел од набавките, го проширивме обемот на оваа ревизија за набавки кои се спроведени и во минати години, а по кои се извршени плаќања во текот на 2012 година.

4.3.1 АМС за реализација на проектот „100 тениски терени во РМ" во текот на 2009 година има распишано и спроведено постапка за јавни набавки за избор на изведувач на работите на овој проект. По спроведената постапка со еден

економски оператор склучен е договор во вкупен износ од 519.985 илјади денари. Во врска со реализацијата на оваа набавка ги утврдивме следните слабости:

- Согласно одредбите од склучениот договор, избраниот изведувач на работите има обврска да ја заврши изградбата на игралиштата во рок од 4 месеци за единечните игралишта и 5 месеци за двојните игралишта, сметано од моментот на воведување во градба, при што не е утврден краен рок за

завршување на работите. Од доставените извештаи за динамиката на изградбата утврдивме дека изведувачот ги нема почитувано одредбите од договорот во поглед на навременото завршување на работите по воведувањето во градба и најголем дел од завршените терени се изградени со значително задоцнување. Заклучно со 10 месец 2012 година кога е доставена 20 Времена ситуација во постапака за изградба се вкупно 58 тенисики терени во вкупна вредност од 267.655 илајди денари, односно 51,5% од вредноста на договорените работи. Од тоа завршени или во завршна фаза се 37 игралишта во вкупна вредност од 181.946 илјади или 35% од договорените работи, а во изградба се 19 игралишта во вкупна вредност од 85.709 илјади денари. Останатите 42 игралишта во вкупна вредност од 252.329 илјади денари сеуште не се започнати со изградба. Ваквата состојба зборува за значително доцнење со реализацијата на овој проект, предизвикано од повеќе фактори како што се доцнење при изградбата, непрецизните одредби во склучениот договор со носителот на работите во врска со крајниот рок за завршување на работите и доцнењето со воведување во градба. Со оглед на спецификите на градежните работи, променливоста на цените на пазарот и рестриктивните одредби од договорот кои забрануваат било какви промени на цената, големо одложување на реализацијата на договорот создава неизвесност за неговото целосно и квалитетно завршување на работите. Оваа ситуација дополнително е усложнета поради банкрот на фирмата изведувач на работите.

Во забелешките кои беа доставени до ДЗР, субјектот на ревизијата не извести дека договорот со економскиот оператор е раскинат и дека АМС ги има активирано и наплатено банкарските гаранции во вкупна висина од 130.923 илјади денари.

4.3.2 Во текот на 2011 година АМС има спроведено постапка за јавна набавка за избор на изведувач на градежни работи за изградба на 4 спортски сали како дел од проектот „Изградба на 35 спортски сали“ за што е склучен договор со еден изведувач на работите во висина од 120.000 илјади денари. Од увидот во документацијата во врска со набавката и склучениот договор со изведувачот на работите го утврдивме следното:

- Изведувачот на работите целиот договор за изведба го има преотстапено на подизведувач, со кој изведувачот склучил посебен договор. Во тендерската документација од огласот за доделување на договор за ЈН се воспоставени повеќе критериуми кои понудувачите треба да ги исполнат за да бидат земени во предвид за учество во постапката за избор на носител на набавката (техничко технолошки, економски и критериуми за лична состојба на економските оператори). Извршеното целосно пренесување на работите на подизведувач кој не поминал низ оваа селекција и за кој не е утврдено дали има капацитет да го реализира проектот ја доведува под сомневање оправданоста на воспоставените критериуми кои треба да ги исполнат економските оператори согласно член 45 од ЗЈН. Во помал обем оваа пракса е присутна и кај останатите проекти на кои работи АМС – „100 Тениски терени

во РМ“ и „50 фудбалски игралишта“. На овој начин се создава неизвесност во поглед на навременото и квалитетно реализирање на проектот и се создава сомневање во врска со квалитетот на проектната документација и реалноста на цените кои се понудени од страна на избраниот носител на набавката.

- Извршени се измени на повеќе одредби од склучениот договор со избраниот изведувач на работите, во однос на одредбите од образецот на договорот кој е составен дел на тендерската документација. Согласно член 38 од ЗЈН менување на тендерската документација по изборот на носител на набавката е недозволено и може да има значително влијание врз реализацијата и економската оправданост на набавката како и остварување на дополнителна економска корист од страна на избраниот носител на набавката.

**Препорака**

Одговорното лице на АМС да обезбеди доследно почитување на сите услови кои се предвидени во тендерската документација од објавените огласи за доделување на договори за јавни набавки.

4.3.3 АМС во текот на 2009, 2011 и 2012 година има спроведено три постапки за јавна набавка во вкупна вредност од 40.194 илјади денари кои се однесуваат на избор на Надзор при изградба на објектите по проектите на кои работи АМС, и изградба на спортска сала. Во врска со овие набавки ги утврдивме следните состојби:

- Во тендерската документација по огласот за избор на најповолен понудувач за вршење на надзор на изградба на 100 тениски терени, воспоставени се минимални услови што економските оператори треба да ги исполнат, кои негативно влијале врз бројот на економски оператори кои доставиле понуда за учество во постапката, при што како критериум е наведен и годишен промет во висина од еден милион евра остварен од извршени градежни работи за последните две години, иако предметот на набавката е надзор над градежни работи, а не нивно извршување. Од страна на 4 економски оператори (според Записникот од јавното отворање на доставените понуди) доставени се понуди во висина од 3,3 до 4,9 милиони денари, односно во висина која е за 15 до 20 пати пониска од бараниот годишен промет на економските оператори. Извршената проценка на АМС во поглед на бараниот годишниот промет за учество во постапката е непропорционална на предметот на ЈН, што не е во согласност со член 144 став 2 од ЗЈН. Вака дефинираните критериуми за лична, техничка и економска состојба довеле до тоа да од пријавени 6 економски оператори, 4 да бидат елиминирани од постапката поради неисполнување на овие услови што довело до избор на понуда во висина од 13.657 илјади денари.
- Со тендерската документација за извршената набавка за избор на надзор врз изградбата на 100 повеќенаменски терени, АМС од заинтересираните понудувачи побарала, меѓудругото, во прилог да достават доказ за

сопственост на лабараторија за испитување на материјали и годишен промет во висина од 500.000 евра. Овие барања на АМС се неосновани со оглед на тоа што заинтересираните правни и физички лица можат да вршат надзор врз изградбата на објекти и без да имаат лабараторија во своја сопственост, односно со потпишан договор за соработка со постоечка лабараторија, додека бараниот промет е за 10 пати повисок од вредноста на подоцна склучениот договор со носителот на набавката кој изнесува 3.000 илјади денари. Со ваквите рестриктивни барања, АМС не постапила во согласност со основните постулати на ЗЈН опишани во членот 2 со кој се бара обезбедување на конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, како и рационално и ефикасно искористување на средствата.

- Во врска со изградбата на спортска сала во с. Велгошти за што е склучен договор во висина од 23.526 илјади денари утврдивме дека АМС, како минимален услов за учество во постапката за ЈН од заинтересираните економски оператори, побарала и доказ за поставување на спортска опрема во еквивалентен објект во износ не помал од 200.000 евра. Како резултат на овој рестриктивен услов, на оваа постапка се има пријавено само еден понудувач со што не е постапено во согласност со член 2 од ЗЈН

**Препорака**

Проценката на личната, економската, финансиската и техничката способност на економските оператори, одговорните лица на АМС да ја вршат во насока на промовирање на конкурентноста, недискриминацијата и рационалното користење на средствата.

4.3.4 Од увидот во досиејата за неколку постапки за ЈН спроведени во 2007, 2008 и 2009 година – избор на носител на работите за надзор на изградба на 35 спортски сали, надзор на изградбата на 50 помошни фудбалски игралишта, отворен повик за надзор на 50 помошни фудбалски игралишта, изградба на 50 фудбалски игралишта и изградба на карпа за спортско качување, АМС не беше во можност да ни ја презентира комплетната документација во врска со спроведените набавки. Притоа и покрај напорите на одговорните лица во АМС, констатиравме недостаток на поголем број документи од битно значење за утврдување на исправноста на извршениот избор кај наведените набавки - извршена објава на оглас за ЈН, тендерска документација, понуди од екомските оператори, исполнетост на услови предвидени со огласот за ЈН, записник од јавното отворање на понудите, а кај постапката за изградба на 50 фудбалски игралишта во АМС ги добивме единствено примените понуди од економските оператори кои не биле избрани за носители на набавката. Причината за ваквата состојба која не е во согласност со член 172 и 173 од ЗЈН, е во честите промени на кадарот кој бил ангажиран на работни задачи поврзани со ЈН, како и невоспоставената процедура за примопредавање на документацијата. Како резултат на ова ревизијата имаше ограничен делокруг

на работење и не изразуваме мислење за законитоста за набавките кои се наведени погоре.

**Препораки**

1. Директорот на АМС да иницира изработка на интерен акт со кој ќе се предвидат начините на кои ќе се врши примопредавање на документацијата во ситуации кога за тоа ќе се укаже потреба.
2. Доследно да се почитуваат одредбите од ЗЈН во поглед на формирање и чувањето на досиеата за спроведените постапки за ЈН.
3. Дополнително да се исконтактираат поранешните вработени во АМС кои работеле на работни задачи поврзани со ЈН со цел да се утврди локацијата на документацијата која недостига.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точката 4.2.1, 4.2.2, 4.2.3 и 4.2.4. кои се однесуваат на неизвршено евидентирање на објект и набавените материјали и ситен инвентар во Билансот на состојбата на АМС на ден 31 декември 2012 година, како и поради недостатоци во извршениот попис ние не обезбедивме основа за изразување мислење за Билансот на состојба на ден 31.12 2012 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2.1, 4.2.2, 4.2.3 и 4.2.4 ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на прикажаните состојби во Билансот на состојба на ден 31 декември 2012 година на Агенцијата за млади и спорт, сметка на основен буџет 637-16, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1.3; 4.1.4; 4.1.5; 4.1.6; 4.1.7; 4.1.9; 4.2.1; 4.2.5 и комплетната точка 4.3 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за млади и спорт - сметка на основен буџет 637-16, не се во

согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 18.10.2013 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | | 2011 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 353.695 | | 461.477 |
| **Вкупно приходи** | | **353.695** | | **461.477** |
| | | | | |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 14.778 | | 14.661 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 0 | | 9.840 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 13.022 | | 11.071 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 125.001 | | 78.890 |
| Социјални бенифиции | | 0 | | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **152.801** | | **114.462** |
| | | | | |
| **Капитални расходи** | | | | |
| Капитални расходи | 3.2.4. | 200.894 | | 347.015 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **200.894** | | **347.015** |
| | | | | |
| | | | | |
| **Вкупно расходи** | | **353.695** | | **461.477** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 2.462 | 21.780 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.462** | **21.808** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 3.702 | 5.147 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 887.407 | 623.628 |
| **Вкупно постојани средства** | | **891.109** | **628.775** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **893.571** | **650.583** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1.156 | 20.624 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 1.306 | 1.156 |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 28 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2.462** | **21.808** |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 891.109 | 628.775 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **891.109** | **628.775** |
| | | | |
| **Извори на други средства** | | **0** | **0** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **893.571** | **650.583** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **628.775** | **628.775** |
| **Зголемување по основ на:** | **306.496** | **306.496** |
| Набавки | 22 | **22** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 304.242 | **304.242** |
| Ревалоризација на капитални средства | 2.232 | **2.232** |
| **Намалување по основ на:** | **44.280** | **44.280** |
| Отпис на капитални средства | 2 | **2** |
| Извршен пренос на инвестиции во тек | 40.463 | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 2.051 | **2.051** |
| Амортизација | 1.764 | **1.764** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **890.991** | **890.991** |

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Агенција за млади и спорт**

*ДО ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА*
*Ул. „Македонија“ бр.12/3*

Бр. 03 - 538 /3
16.09..2013 год.
**Агенција за млади и спорт**
Ул.Франклин Рузвелт бр..34 ,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. +389 (0) 2 3119-628
+389 (0) 2 3126-270
Факс:+389 (0) 23117-693
Email:

*Предмет: Одговор/забелешки по Нацрт извештај*

*Врска Ваш бр.23-210/8 од 14.08.2013*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
17. 09. 2013
23 210/9

*ПОЧИТУВАНИ,*

Согласно извршениата ревизија во Агенцијата за млади и спорт за 2012 година во предвидениот рок од 30 (триесет) дена од приемот на Нацрт извештајот го доставуваме следниот одоговор/забелешки

*СЕКТОР СПОРТ*

Агенцијата за млади и спорт, Сектор спорт, со особено внимане го анализираше Нацрт извештајот, особено во:

4.1. Усогласеност со закони и прописи

**Точка 4.1.1.** Во однос на реализација на Програмата за распределба на средствата од игри на среќа, ревизијата констатирала „збирот на поединечните проценти изнесува 100%, додека во точка 1 од истата прогарма изнесува 88%, по точка 3 збирот изнесува 97%, а по точките 1 и 2 од од Програмата за развој на спорт и млади, збирот изнесува 118%. Поради ова доведена е во прашање вистинитоста и точноста на износот кој е опредлен за распределба по намени кои се опишани во сооддветните точки од наведените Програми, а НСФ да превземаат обврски за исплата на средства во висина која АМС објективно не е во можност да ја исплати што ќе доведе до префрлање на превземените обврски за исплата на средства од буџетите за следната година.“

По овој однос, Агенцијата за млади и спорт укажува дека во текот на 2012 година, Програмата за распределба на средства од игри на среќа за 2012 година за финасирање на националните спортски федерации и спортски клубови и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2012) **е во два наврати промента** и тоа со Прогрограмата за изменување на Програмата за распределба на средства од игри на среќа за 2012 година за финасирање на националните спортски федерации и спортски клубови и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ **бр.131/2012)** и Програмата за изменување на Програмата за распредлба на средства од игри на среќа за 2012 година за финасирање на националните спортски федерации и спортски клубови и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ **бр.144/2012), при што, аналогно, и износите во „спорните точки и проценти“ се проментети.**

Затоа, цениме дека математичко собирање на износите и процентите, без да се земат предвид и направените односни измени, ја прави неприфатлива констатцијата „поради ова доведена е во прашање вистинитоста и точноста на износот кој е опредлен за распределба по намени кои се опишани во сооддветните точки од наведените Програми, а НСФ да превземаат обврски за исплата на средства во висина која АМС објективно не е во можност да ја исплати што ќе доведе до префрлање на превземените обврски за исплата на средства од буџетите за следната година."

Покрај ова, Агенцијата за млади и спорт, со средствата од Буџетот на Република Македонија партиципира до 5% од потребите на националните спортски федерации за реалзиација на нивните активности согласно годишните програми.

Втортата констатација во Точка 4.1.1 , „Имајќи во предвид дека НСФ немаат идентични потреби за финансиски средства и покажуваат различно ниво на активност, масовност на спортисти и различни спортски резултати се јавува потребата од воспоставување на пишана методологија на која ќе се определи начинот на распределба на средства во НСФ. Во текот на 2012 висината на средствата исплатени на НСФ е определа врз основа на проценти наведена во наведениот правилник меѓутоа нивната висина од службите на АМС не е утврдена врз основа на егзактни и мерливи критериуми преку пишана методологија. Како резултат на ова АМС не успеала да воспостави систем на пропорционална и праведна финансиска поддршка на НСФ при што поедини НСФ кои бележат ниска активност и имаат мал број на клубови и спортисти добиваат сличен или повисок износ на средства во однос на НСФ со значително ниво на активности, број на спортисти, клубови и остварени спортски резултати."

Агенцијата за млади и спорт укажува дека и оваа констатација е резултат на недоволата упатеност во спортскиот систем кој функционира во Република Македонија преку активноста на педесетина национални спортски федерации и повеќе од илјада и петстотини спортски клубови кои реализираат разгранет спортски систем на натпревари и активности, односно, за да се има реална слика, предвид треба да се земат повеќе аспекти кои го сочинуваат целокупниот спортски систем. Притоа, во реализацијата на спортскиот систем, националните спортски федерации имаат сериозни пречки во обезбедување на средства за реализација на нивните програми, за обезбедување просторни и материјални услови за непречено учество во националниот и меѓународен систем на натпревари. Во оваа насока Агенцијата за млади и спорт партиципира до 5% од програмите на националните спортски федерации врз основа на утврдени критериуми и постапка во која како рамка се зема утврдениот јавен интерес на Република Македонија во член 22 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр.29/02,66/04, 81/08, 18/11, 51/11 I 64/12 ).

Националните спортски федерации учествуваат во меѓународниот систем на натпревари со 4 до 6 национални тимови во машка и женска конкуренција и во повеќе возрасни категории (сениори, младинци, кадети, јуниори и др.) во рамки на Летни и Зимскки ОИ, ЕП и СП, Балкански првенства, регионални натпревари и лиги, тренажни подготовки и спортски кампови кои се одржуваат во спортовите на две, на четири или, пак, секоја година, при што, исто така, сериозен проблем претставува да се прави еквиваленција и изработи методологија со која ќе се партиципира во програмите на НСФ согласно односната забелешка дека „АМС не успеала да воспостави систем на пропорционална и праведна финансиска поддршка на НСФ."

На ова треба да се додаде и спецификата и менливоста на спортските остварувања преку ЦГС систем, остварени поени во рамки на Ранг листи, дадени голови и различни други норми и параметри претположени од страна на меѓународните спортски асоцијации и Меѓународниот олимписки комитет, што подразбира и различен пристап во поддршката, заради учество во рамки

на меѓународни спортски натпревари во екипни и индивидуални спортови. Потребите на националните спортски федерации за реализација на нивните програми е дваесетина и повеќе пати од средствата со кои Агенцијата располага, што условува да имаме рамка и постапка за поддршка на субјектите во спортот во точно определени сегменти. Затоа, Агенцијата за млади и спорт има донесено и применува Правилник за постапка и критериуми за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот Бр.01-244/01 од 02.2012 година во кој е утврдено за што се распределуваат средствата, кои се корисници на истите, постапката за спроведување на конкурс, обработката на пристигнатите програми, квалитативното оценување на апликациите за доделување на средства, при што во вреднување на програмите се вклучени професионалците од секторот Спорт и Советот за спорт при Агенцијата за млади и спорт, кој на функционерот кој раководи со органот на државна управа одговорен за работите од областа на спортот му доставува Предлог одлуки за распределба на средства по објавениот конкурс.

Во односниот Правилник е утврдено да се донесе Одлука за распределба на средства врз основа на Предлог одлуката, а исто така се утврдени и обврски на субјектите по доделените средства да доставуваат полугодишни и годишни извештаи.

Во односниот Правилник се утврдени и критериуми за доделување на средства од буџетот на РМ согласно календарите на меѓународните спортски асоцијации, одржувањето на летните и зимските олимписки и параолимписки игри, одржувањето на ЕП и СП, одржувањето на балкански и останати регионални меѓународни натпревари и лиги, како и бројот на клубови, број на спортисти, разгранетост на националниот систем на натпревари, постигнатите успеси, исполнетоста, традицијата, организацијата на натпревари од меѓународен карактер и организација на традиционални спортски приредби и манифестации и, секако, како еден од најбитните развојни моменти, предикцијата за успех на младите и талентирани спортисти и национални тимови одразена низ определени мерливи параметри произлезени од нивните постигнати резултати во изминатите години.

Во односниот Правилник, националните спортски федерации и спортовите се рангирани во четири групи на олимписки спортови, неолимписки спортови, федерации со комплексни спортски содржини и спортови со особен интерес и група со новоформирани национални спортски федерации.

Покрај ова, во групите се диференцирани екипни и индивидуални спортови.

Препораката по точка 4.1.1. е неприфатлива бидејќи секоја година, континуирано од 2002 година, Правилникот се надоградува и се бараат механизми со кои соодветно се распределуваат средства со кои се финансира јавниот интерес на Република Македонија во спортот, соочувајќи се со фактот дека од година во година се остваруваат бројни спортски резултати, се зголемува бројот на клубови и федерации, се зголемува бројот на активни спортисти и граѓани кои спортуваат, секако, некаде и се намалува, а средствата, како што во два наврати укажавме, се наменети за партиципација во програмите на НСФ до 5% од нивните потреби, а понекогаш, поради определени приоритети и кореспондентно на ситуации поврзани со постигнување определен спортски успех кој е неочекуван и не можел претходно да се претпостави, не сме во можност и тоа да го исполниме.

**Точка 4.1.2.** „Од извршената анализа на одредбите на Програмата за спорт и млади и Програмата за распредлба на средства од игри на среќа за 2012 година за финасирање на спортските федерации и клубови и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Македонија утврдивме дека истите содржат само општи насоки во поглед на наменско распределување на средства кои се распределуваат во НСФ. Во врска со

распределување на средства до НСФ, АМС склучува договори со НСФ. Договорите кои се склучуваат со корисниците на средствата не содржат одредби со кои се појаснуваат намените за кои можат да се искористат одобрените средства, ниту пак е воспоставено овие средства да се исплатат на посебна наменска сметка на НСФ. Вака склучените договори не создаваат обврска корисниците на средства да ги употребуваат доделените средства за намени за кои се барани и овозможуваат средствата да бидат употребувани за други цели."

Наведените програми и ставките во нив се рамка по која националните спортски федерации учествуваат на Конкурсот за распределба на средства. Терминологијата и утврдените точки и раздели се согласно барањата на Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство при нивното доставување до Владата на Република Македонија. Затоа и се даваат општи насоки во однос на намената на средствата за кои можат да конкурираат националните спортски федерации. При реализација и учество на Конкурсот, националните спортски федерации точно наведуваат зошто им се потребни средствата и на кои меѓународни натпревари ќе учествуваат, дали исполнуваат норми за учество, наведувајќи го притоа бројот на учесници, остварениот резултат како норма, планираните резултати и реален приказ на средствата за реализација на програмата. И тука, повторно потенцираме Агенцијата за млади и спорт партиципира со 5% од програмите на националните спортски федерации, а останатите средства истите ги обезбедуваат од различни извори. Во однос на обврските да дадат извештаи за потрошените средства, во членот 14 од Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот Бр.01-244/01 од 02.2012 година е утврдено дека истите се должни за потрошените средства кои им биле доделени да достават извештај до Агенцијата за млади и спорт. Извештаите ги доставуваат два пати годишно. Во односниот Правилник е утврдена и содржината на извештајот која треба да ги содржи следниве елементи: во наративниот дел треба да содржи реализирани активности за кои се доделени средствата и остварените спортски резултати и спортистите кои ги користеле средствата; во финансискиот дел треба да биде даден детален приказ на потрошените средства со прилог копии од соодветни докази.

Покрај ова, во договорите што се потпишувале со националните спортски федерации во 2012 година за користење на средства од програмите за спорт, во членот 6, стои обврска дека корисникот се обврзува до Агенцијата за млади и спорт да достави извештај за искористеноста на средства добиени од договорот со содржина утврдена во погореспоменатиот Правилник.

Затоа и препораката од оваа точка е безпредметна бидејќи во договорите стои обврската НСФ да доставуваат извештај. (Прилог Договор).

**Точка 4.1.3.**Во однос на констатациите за оваа точка „Членот 24 од Законот за спорт како и одредбите на договорите кои ги склучува АМС со НСФ и даваат можност на АМС да врши контрола на наменското користење на средства од Програмите кои се распределени на корисниците", утврдено е дека 7 НСФ на кои им е исплатен вкупен износ во висина од 6.485 илјади денари; кај НСФ кои доставиле извештаи со документација утврдиле дека имаат некомплетна документација; документите, доставените фактури и сметки не ги содржат сите податоци кои се потребни и недостаток на систематизација на работни места на АМС и не е воспоставено ниту е дадена надлежност на посебна организациона единица за вршење на работи на контрола на наменското и законското користење на средствата доделени на НСФ".

Во таа насока, Ревизијата констатирала „дека АМС нема воспоставено соодветен контролен механизам кој ќе обезбеди контрола на трошењето на трансферираните средства до НСФ за претходно дефинирани намени поврзани со спортските активности и воспоспоставени контролни механизми кои ќе обрезбедат задоволително ниво на финансиска дисциплина и финансиска

отчетност на НСФ, што создава високо ниво на ризик за користење на средства за активности кои не се поврзани со основната дејност на НСФ." По овој однос, Агенцијата за млади и спорт има воспоставено механизми со кои се контролира наменско користење на односните средства.

Во поголемиот број од националните спортски федерации сметководството го води стручната служба на Сојузот на спортските федерации на Македонија, а управните одбори, претседателите на федерациите и генералните секретари или стручните лица на федерациите имаат иста обврска, наменски да ги трошат средствата.

Во однос на користење на средствата од страна на спортските субјекти, Агенцијата за млади и спорт настојува да ги почитува утврдените приоритети на националните спортски федерации искажани при нивното конкурирање за средства, односно истите да ги обезбедат и дистрибуираат до корисниците во најкраток можен рок и да врши контрола врз нивното користење. Во текот на 2011 година направени се контроли и во Федарцијата за училишен спорт, Пингпонгарската федерација, Кајакарскта федерација, Кугларската федерација и Бадминтон федерацијата. Во наредниот период Агенцијата за млади и спорт ќе инсистира на целосно почитување на одредбата за навремено и наменско користење на средствата и ќе изврши контрола за нивното наменско користење и кај останатите национални спортски федерации.

**Точка 4.1.4**. Средствата за олимписките кандидати за можни учесници на зимски и летни олимписки игри се користат наменски согласно барањата на националните спортски федерации за спортисти поединци национални тимови кои ги исполниле нормите за учество на олимписки игри, или се планирани да учествуваат со вајлд карта во рамки на истите. Средствата се доставуваат до националните спортски федерации со намена за реализација на програмите на олимписките кандидати. Бидејќи олимпискте кандидати се и носители на меѓународниот програм на односните национални спортски федерации и средствата за меѓународни натпревари се наменети за најдобрите спортисти заради обезбедување на подготовки, набавка на опрема и учество во рамкки на меѓународни натпревари.

**Точка 4.1.5.** Рестрикциите на средствата на Буџетот на РМ, условија од 17.000.000 денари во 2011 година истите да се намалат на 4.000.000 денари во 2012 година. Согласно Правилникот предвидено е средствата да се распределат на прворангирани клубови. Меѓутоа, во новонастанатата состојба и рестрикција на средствата истите се дистрибуираат до прворангираните клубови членки на националните спортски федерации на нивен предлог и истиете се доделуваат на нивните сметки.

Констатацијата дека средствата се исплаќаат само на одреден број на национални спортски федерации е точна и е условена од ограничените средства и, рамноправната распределба на истите на повеќе од педесетина национални спортски федерации и 92 национални тима, машки и женски, го прави апсурдно барањето за ревидирање на критериумите. Во минатите години средствата за оваа намена се доделуваат врз основа на групата во која е националната спортска федерација и нејзиниот ранг во истата.

**Точка 4.1.6**. Констатациите во оваа точка се неприфатливи бидејќи согласно 37а и 37б од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр.29/02,66/04 и 81/08 ) донесена е Уредба за условите, критериумите и начинот на доделување на категорија спортист - спортска надеж („Службен весник на Република Македонија бр.127/08) во кој се утврдени условите и критериумите и начинот на доделување на категоријата спортист – спортска надеж. Во членот 6 од уредбата стои дека националната спортска федерација на Агенцијата за млади и спорт му

предлага ранг листа на утврден број на спортисти за доделување на категоријата спортист спортска надеж. Секоја национална спортска федерација има интерни критериуми врз кои ги предлага кандидатите. По доставување на ранг-листите, Комисија од вработени за вршење на стручни административни работи при Агенцијата за млади и спорт ги обработува пристигнатите листи. Утврдена е и постапката за критериуми за утврдување на рангл листа за индивидуални и екипни спортови. По утврдување на бројот на спортисти по национална спортска федерација се објавува и ранг листата на спортистите – спортска надеж и врз основа на доставената документација паричниот надоместок на младите категоризирани спортисти им се доставува до нивната трансакциона сметка, како крајни корисници. Во однос на контролните механизми за категоризираните спортисти, грижа водат националните спортски федерации и тие врз основа на извештаите на тренерите во матичните клубови и нивните соодветни организациони облици можат да дадат предлог стипендијата да биде одземена. Во однос на доделување на стипендија на учениците од спортската академија за фудбал, кошарка, ракомет и тенис, односните национални спортски федерации доставуваат предлог за нивно категоризирање бидејќи и членовите на спортската академија се избираат врз основа на строги критериуми и процес на селекција со кој се утврдува талентот и перспективата на младиот спортист, а оваа категорија на корисници на категоријата „спортска надеж" се дел од односниот Правилник.

Агенцијата за млади и спорт, одредените укажувања во однос на категоризираните спортисти – спортска надеж ќе ги анализира со цел да го подобри односниот механизам, но никако не ги прифаќа ставовите дека издатоците по овој основ се неосновани, бидејќи средствата наменски се користат за најдобрите млади спортисти – ученици и студенти кои се чинители во националните спортски федерации.

Препораките по оваа точка ќе бидат анализирани и одредени укажувања ќе ги примениме за рационално поддржување на младите спортисти.

Во однос на стимулирање на учениците спортисти, членови на спортската академија не условува во текот на наредниот период да покренеме постапка за измени на членот 6 од Уредбата за условите, критериумите и начинот на доделување на категорија спортист – спортска надеж во однос на бројот на стипендии и тој да биде согласно потребите, а не ограничувачки на 500 стипендии годишно.

## *Сектор за финансиски прашања*

**Точка 4.1.8.** Агенцијата за млади и спорт во однос на оваа точка ги изнесува следните наводи и забелешки. АМС од периодот од 2008 до 2011 година има ангажирано лица преку Агенција за привремени врабтувања. Со оглед дека во 2012 година за АМС е укината ставката 427- Приврмени вработувања. Имајќи го предвид настанатиот факт, АМС за да ги спроведува секојдневните редовни работни задачи и должности а со тоа да ги извршува функциите за кои е основана поради малиот број вработени лица а во корелација со Правилникот за систематизација на работните места, ангажирала лица преку авторски договори, дотолку повеќе што не се добиени согласности од Министерството за финасии иако се барани истите.

**Точка 4.1.9.** Агенцијата за млади и спорт во однос на оваа точка ги изнесува следните наводи и забелешки. АМС во циркуларите за предлог буџетите секогаш барала средства за програма 3- Млади подпрограма 30- Млади и тоа

**Со предлог буџетот за 2009 година**- барани 25.000.000,00 денари одобрени 25.000.000,00 денари

**Со предлог буџетот за 2010 година** -барани 32.000.000,00 денари одобрени 0, денари

*Во 2010 година е укината Програма 3- Млади подпрограма 30- Млади.*

**Со предлог буџетот за 2011 година** -барани 5.000.000,00 денари одобрени 0, денари
**Со предлог буџетот за 2012 година** -барани 10.000.000,00 денари одобрени 0, денари
**Со предлог буџетот за 2013 година** -барани 27.000.000,00 денари одобрени 0, денари

**Точка 4.3 Користење на средства согласно закони и прописи**

**Јавни набавки**

**Точка 4.3.1** се однесува на спроведена постапка за ЈН во 2012 година со барање за прибирање понуди за адаптација на посебен дел од објект на спортска сала во с. Смилево. Имајќи го предвид извршениот увид во документацијата и укажувањата на овластениот државен ревизор за предметната набавка, Агенцијата за млади и спорт како одговор/забелешка ги изнесува следните наводи и факти:

Агенцијата за млади и спорт раководејќи се при одлучувањето согласно Законот за јавните набавки при спроведување на постапката со барање за прибирање понуди преку електронскиот систем за јавни набавки, поставила прашање на ЕСЈН поради кој причини не е прикачена предмер пресметката како дел од техничката документација која преставува составен дел при изготвување и поднесување на понудите согласно точка 11.1 од тендерската документација (Елементи на понуда) прилог 4, за да истата предмер пресметка биде доставена во хартиена форма во Агенцијата за млади и спорт без да биде заврена со печат и потпис од овластеното лице на Економскиот оператор- понудувач.

Согласно известувањето на Бирото за јавни набавки јасно е прецизирано дека од страна на Економскиот оператор- понудувач предмер пресметката не е прикачена на ЕСЈН како содржина/елемент на понудата во постапка која се спроведува преку ЕСЈН.

Согласно добиениот одоговор од Економскиот оператор –понудувач преку поставено прашање на ЕСЈН укажуваме дека согласно важечките позитивни законски и подзконски прописи придружната документација, односно документи како што се сертификати, уверенија и потврди издадени од други државни органи или правни лица, може да се поднесат во хартиена форма, **исклучиво доколку истите не се достапни во електронска форма (скенирани)**. Достапноста значи дека тие документи не се издадени во изворна електронска форма, односно дека економскиот оператор не може да ги конвертира во електронска форма по пат скенирање.

Во насока на спроведување на Законот за јавните набавки и важечките подзаконски акти во конкретниот случај Агенцијата за млади и спорт цени дека правилно постапила кога ја отфрлила понудата како нецелосна притоа раководејќи се согласно чл.140 став 3 од Законот за јавните набавки од причина што предмер пресметката како елемент/содржина на понудата не била прикачена на ЕСЈН согласно условите, барањата и критериумите на тендерската документација дотолку повеќе што истата доставена во хартиена форма не била заврена со печат и потпис од овластеното лице како Комисијата за јавни набавки би пристапила кон евалуација на истата.

***Член .140 став 3 од Законот за јавните набавки***

*„ При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите,* ***доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација****. Договорниот орган не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања."*

**Точка 4.3.2** се однесува на реализација на Проектот „100 тенсики терени за спорт во РМ". Имајќи го предвид извршениот увид во документацијата и укажувањата на овластениот државен ревизор за реализација на Проектот „100 тенсики терени за спорт во РМ" како и спроведување на утврдената динамика за изведување на градежните работи, Агенцијата за млади и спорт како одговор/забелешка ги изнесува следните наводи и факти:

Во досегашиот тек од реализација на погоренаведениот проект, Агенцијата за млади и спорт Ви укажува дека во координација со Надзорниот орган ги користеше сите расположливи/утврдени заштитни механизми предвидени со Договорот за изградба на 100 тениски терени во РМ, што значи за секое неопочитување на договорните одредби се наплатени пенали во износ од 1‰ (еден промил) од договорената вредност за секој ден задоцнување но не повеќе од 5% од вкупната цена на работите кои се предмет на Договорот.

***Член 6 став 2 од Договорот за изградба на 100 тениски терени во РМ бр.05-106/38 од 25.08.2009 година***

*„Ако Изведувачот работите предметот на Договорот не ги извршува во согласност со утврдената динамика, во утврдениот рок, истиот е согласен на Нарачателот да му плаќа пенали во износ од 1‰ (еден промил) од договорената вредност за секој ден задоцнување но не повеќе од 5% од вкупната цена на работите кои се предмет на Договорот"*

Имајќи го предвид фактот што Изведувачот АЛПИНЕ Бау Гмбх достави известување дека се наоѓа во постапка на несолвентност, Агенцијата за млади и спорт во најкус можен рок согласно законските и договорни одредби го раскина предметниот договор и успешно ги активираше предметните банкарски гаранции (Банкарска гаранција за авансно плаќање на износ од 66.774.119,62 денари и Банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договор на износ од 65.087.230,94 денари).

**Точка 4.3.3** се однесува на спроведената постапка и склучениот договор за „Изградба на 4-ри затворени спортски сали" како дел од проектот „Изградба на 35 спортски сали". Имајќи го предвид извршениот увид во документацијата и укажувањата на овластениот државен ревизор за спроведената постапка на јавна набавка и склучениот договор за „Изградба на 4-ри затворени спортски сали", Агенцијата за млади и спорт како одговор/забелешка ги изнесува следните наводи и факти:

Ангажирањето на подизведувач е загарантирано право согласно член 27 од Законот за градење и преставува должничко-доверителски однос помеѓу Изведувачот и подизведувачот. Во поглед на навременото и квалитетно реализирање на проектот Ви укажуваме дека под претпоставка да не се спроведува динамиката на изведување градежни работи и не се реализира предметниот проект по утврдената проектна документација Агенцијата за млади и спорт во

координација со Надзорниот орган ги презема сите расположливи/утврдени заштитни механизми предвидени со Договорот за Изградба на 4-ри затворени спортски сали.

Во однос на наводите дека се изменети одредби од моделот на договор при склучување на договорот за Изградба на 4-ри затворени спортски сали со избраниот изведувач на работите, укажуваме дека дел од договорните одредби кои се изменети суштински не влијаат на содржината на склучерниот договор а со тоа и менување на тендерската документација. Со фактот што се изменети дел од одредбите на Моделот на договор кој суштински не влијаат на содржината на склучениот договор, како неосновани ги оценуваме наводите истакнати од ваша страна во оваа насока.

**Точка 4.3.4** се однесува на спроведени 3 (три) постапки за јавни набавки кои се однесуваат на избор на Надзор на проектите на кои работи АМС (100 тенски терени, 100 повеќенаменски игралишта) и Избор на изведувач за адаптација и санација на спортска сала во с. Велгошти општина Охрид. Имајќи го предвид извршениот увид во документацијата и укажувањата на овластениот државен ревизор за спроведената постапка на јавна набавка и склучениот договор за „Изградба на 4-ри затворени спортски сали", Агенцијата за млади и спорт како одговор/забелешка ги изнесува следните наводи и факти:

Имајќи ја предвид комплексноста и тежината на предметните проекти (изградба на 100 повеќенаменски терени и изградба на 100 тенсики терени во РМ) во поглед на критериумите наведени во тендерските документации за докажување на економската и техничката способост на понудувачите, укажуваме дека Агенцијата за млади и спрот како Договорен орган, во конкретниот случај неможе да го одземе правото на Економските оператори-понудувачи загарантирано со Законот за Јавните набавки (членови 151 став 3 и 154 став 3)

Согласно погоренаведените законски одредби ***„Ако економски оператори поднесат групна понуда или пријава за учество, еконмско - финансиската состојба и техничко - професионалната способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата"***

Отсуството на компетентност и стручност на Економските оператори во поглед на поднесување на понуда а со тоа и учество во одредена постапка, цениме дека неможе да преставува одговорност на Договорниот орган во поглед на утврдување критериуми имајќи ја предвид комплексноста и тежината на предметниот проект (изградба на 100 повеќенаменски терени)

Во поглед на укажувањето за наведениот „рестриктивен" критериум во тендерската документација при спроведување на постапка за ЈН за реконструкција и санација на спортска сала во с.Велгошти, укажуваме дека Агенцијата за млади и спорт пред распишување и спроведување на постапки за ЈН, спроведува истражување во поглед на обезедување пазарната конкуренција и по сите индикатори во конкретниот случај тврди дека повеќе фирми/економски оператори го исполнуваат утврдениот критериум како доказ за исполнување на техничко-професионалната спсопбност во предметнта ЈН за реконструкција и санација на спортска сала во с.Велгошти. Согласно важачките законски одредби не постои начин Договорниот орган да влијае на одлуката

одреден Економски оператор да конкурира односно достави понуда за доделување договор за јавна набавка. Од тие причини како неосновани ги цениме наводите во Нацрт извештајот.

**Точка 4.3.5** се однесува на извршениот увид во документацијата на овластениот државен ревизор за неколку постапки спроведени во 2007, 2008 и 2009 година и укажување дека не е презентирана целата документација во однос на постапките. Укажуваме дека согласно прапораката наведена од Ваша страна и координација со вработени лица во Агенцијата за млади и спорт пронајдена е документацијата за која во Нацрт Извештајот е констатирано дека недостасува.

Со почит,

**ДИРЕКТОР**
**Александар Пујовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ СКОПЈЕ

*Изработиле: м-р БошкоЛепчески*
*Гордана Цекова*
*Томислав Андоновски*
*Милојка С. Аврамовска*

*16/9/13*

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Агенција за млади и спорт**

Јуонка

*ДО ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА*
*Ул. „Македонија“ бр.12/3*

Бр. 03 - 538 /4
09.10..2013 год.
*Агенција за млади и спорт*
Ул.Франклин Рузвелт бр..34 ,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. +389 (0) 2 3119-628
+389 (0) 2 3126-270
Факс:+389 (0) 23117-693
Email:

*Предмет: Дополнување на одговор по нацрт извештај*

*Врска Ваш бр.23-210/8 од 14.08.2013*
*Наш одговор/забелешки по нацрт извештај бр.03-538/3 од 16.09.2013*

10. 10. 2013
23 210/10

*ПОЧИТУВАНИ,*

Во прилог на овој допис Ви доставуваме докази по однос на Вашите укажувањата од овластениот државен ревизор кој се однесуваат на **Точка 4.1.8 и Точка 4.2.2** а од причина што по ненамерна грешка не се приложени како прилог на дописот (одговор-забелешки по нацрт извештај бр.03-538/3 од 16.09.2013).

Имајќи го предвид одоговорот доставен од страна на Агенцијата за млади и спорт кој се однесува на точка 4.1.8 како дополнување, Ви доставуваме барања од Агенцијата за млади и спорт за обезбедување согласности за вработување на лица со цел извршување на работи и задачи од делокруг на работење на Агенцијата за млади и спорт и одоговори од Министерството за финасии на Република Македонија по однос на истите барањата.

По однос на точка 4.2.2 укажуваме дека по добивање на правосилна пресуда каде е одбиено тужбеното барање на тужителот, Агенцијата за млади и спорт, започна постапка за запишување на хотелот во јавните книги за запишување на правата на недвижностите. Во прилог доставуваме документација за кореспонденција помеѓу органи при обезбедување на потребните одлуки за запишување на правата на недвижностите. Укажуваме дека во моментов се изработува геодетски елаборат за запишување на правата на недвижностите во случајов Хотел Магнус.

Во однос на точка 4.2.5 укажуваме дека примените фактури од добавувачи се евидентираат во буџетското книговодство со што се овозможува увид на доспеани обврски за плаќање. Во однос на другиот навод од оваа точка укажуваме дека се постапува по укажувањата од Ваша страна и се евидентираат влезните и излезни фактури во архивска книга на фактури.

Со почит,

ДИРЕКТОР
Александар Пујовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ СКОПЈЕ

*Изработиле: м-р БошкоЛепчески*
*Гордана Цекова*
*Томислав Андоновски*
*Милојка С. Аврамовска*

*09/10/13*

**Прилог 3**

**Одговор на забелешки**
**по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На ден 17.09.2013 година под архивски број 23 210/9 добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на Овластениот државен ревизор од Агенција за млади и спорт, сметка на основен буџет 637-16. На ден 10.10.2013 добиено е дополнување на забелешките со прилог докази како одговор/забелешки на Нацрт извештајот, заведени под бр. 23-210/10. Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и по истите е констатирано следното:

1. Забелешката која се однесува на наодот во точката **4.1.1. алинеа 1** од Нацрт извештајот која се однесува за констатирани математички грешки при пресметката на процентите за распределба на средства на НСФ во Програмата за распределба на средства од игри на среќа **не се прифаќа** од причини што наведените две измени во подзаконскиот акт кој ја регулира оваа материја не ги содржат корекциите кои се наведени во забелешка, односно истите содржат само промени на вкупниот износ на средства за соодветните намени, но не и корекција на погрешно пресметаните проценти за распределба на средствата до НСФ, кои требало да се движат во рамките на утврдените средства со програмата. Не се доставени нови информации кои би придонеле за промена на изнесеното во наодот и истата претставува објаснувања за активности кои ќе следат и со кои ќе се надминат констатираните слабости.
   Забелешката на наодот во **алинеа 2** од точката **4.1.1.** од Нацрт извештајот која се однесува на потребата од воспоставување на пишана методологија заснована на егзактни и мерливи критериуми врз основа на која АМС процентуално ќе го определи учеството на секоја НСФ во распределбата на средствата кои ќе се исплаќаат на НСФ, **не се прифаќа** од причини што АМС се повикува на Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата за остварување на јавниот интерес во спортот, чии одредби ги имавме во предвид во фазата на извршување на ревизијата и истите не ги оспоруваат констатираните состојби во оваа алинеа, а чија што точност ни беше и усмено потврдена при извршените интервјуа и разговори со лица кои се потпишани на забелешките доставени од страна на АМС.

2. Забелешката која се однесува на наодот во точката **4.1.2.** од Нацрт извештајот во врска со непостоењето на одредби за определување на намената на одобрените средства во склучените договори со НСФ **не се прифаќа** од причини што изнесеното не дава дополнителни аргументи кои би ја промениле состојбата утврдена со наодот. Овие информации ни беа познати во фазата на извршување на ревизијата.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ________________ ___________________________
2. ________________

3. Забелешката која се однесува на наодот во точката **4.1.3**. од Нацрт извештајот во врска со појавата на незадоволително ниво на финансиска дисциплина кај НСФ, корисници на средства од АМС и невоспоставената обврска на посебна организациона единица за вршење на работи на контрола на законското и наменското користење на средствата од страна на НСФ **не се прифаќа** со оглед на тоа што во изнесеното не се понудени аргументи и докази кои би влијеале врз промена на наодот.

4. Забелешката која се однесува на наодот во точката **4.1.4.** од Нацрт извештајот во врска со начинот преку кој се врши насочување на средствата за спортистите - олимписки кандидати **не се прифаќа,** од причини што со истата не се понудени аргументи кои би придонеле за промена на состојбата утврдена со наодот.

5. Забелешката која се однесува на наодот во точката **4.1.5.** од Нацрт извештајот во врска со исплатата на средства до второрангираните клубови што не е во согласност со Програмата за распределба на средства од игри на среќа, претставува известување за надминување на констатираните состојби наведени во наодот од оваа точка.

6. Забелешката на наодот од точката **4.1.6** од Нацрт извештајот, која се однесува на констатираните отстапувања при доделување на категоријата спортист - спортска надеж од член 7 од Уредбата за условите, критериумите и начинот на доделување на категоријата спортист - спортска надеж како и преиспитување на одредбите од Правилникот за водење постапка и утврдување број на спортисти за стекнување со спортска категорија спортист - спортска надеж со цел усогласување со Законот за спорт **не се прифаќа** бидејќи претставува известување за активности кои ќе бидат преземени во иднина за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај.

7. Забелешката која се однесува на наодот во точката **4.1.8.** од Нацрт извештајот околу ангажманот на лица во АМС преку авторски договори **не се прифаќа** од причини што изнесеното ја потврдува состојбата утврдена во наодот. Доставените дополнителните докази - Барања за согласност за обезбедени средства за вработување на државни службеници и Одговорите од министерот за финансии кои се негативни, укажуваат на обидот на директорот да обезбеди потребен кадар за извршување на дејноста на Агенцијата.

8. Забелешката која се однесува на наодот во точката **4.1.9.** од Нацрт извештајот околу поддршката на активностите на младите како една од областите за која со закон е основана АМС, **делумно се прифаќа** и во

Конечниот извештај во оваа точка се додава реченицата „поради побарани, а неодобрени средства од Буџетот на РМ“.

9. Дополнително добиеното укажување од директорот на Агенцијата од 10.10,2013, а кое се однесува на констатациите наведени во точка **4.2.2.** и **4.2.5**. од Нацрт извештајот, упатува на преземени активности за постапување по препораките на ревизијата. Овие укажувања ќе бидат предмет на проверка во наредна постапка на ревизијата.

10. Забелешката која се однесува на наодот во точката **4.3.1.** од Нацрт извештајот во врска со спроведената јавна набавка за адаптација на посебен дел од објект на спортска сала во с. Смилево **се прифаќа** поради дополително доставена документација, поради што состојбата изнесена во точката 4.3.1. не е составен дел на Конечниот извештај.

11. Забелешката која се однесува на наодот во точката **4.3.2**. од Нацрт извештајот во врска со констатирано доцнење во реализацијата на проектот за изградба на 100 Тениски терени **не се прифаќа** од причини што наведеното се однесува на активности кои АМС ги има спроведено по прогласувањето на несолвентност од страна на избраниот изведувач на работите во 2013 година и истото не претставува објаснување за констатираното доцнење во реализацијата на овој проект врз основа на склучениот договор од 2009 година.

12. Забелешката која се однесува на наодот во точката **4.3.3.** од Нацрт извештајот **не се прифаќа** од причини што со изнесеното во забелешката се потврдуваат констатациите кои се истакнати во двете алинеи од овој наод.

13. Забелешката која се однесува на наодот во точката **4.3.4.** од Нацрт извештајот во врска со констатирани слабости во постапките за избор на најповолен понудувач за вршење на надзор на изградба на 100 тениски терени, набавка за избор на надзор врз изградбата на 100 повеќенаменски терени и изградбата на спортска сала во с. Велгошти **не се прифаќа** од причини што изнесеното во забелешката се однесува за спроведените постапки за избор на најповолен понудувач за изградба на 100 тениски терени и 100 повеќенаменски терени за што АМС има спроведено посебни постапки за јавна набавка за кои не се дадени забелешки во точката 4.3.4. од Нацрт извештајот и кои се спроведени независно од погоренаведените постапки за избор на орган за надзор на изградбата на овие објекти кои се предмет на наодите искажани во алинеа 1 и 2 од оваа точка. Во врска со забелешката за изградбата на спортската сала во с. Велгошти, АМС во прилог кон забелешката не доставила доказ со кој ќе може да потврди дека

е извршено наведеното „истражување во поглед на обезбедување на пазарната конкуренција“ и тврдењето дека повеќе фирми ги исполнуваат критериумите наведени во алинеата 3 од наодот во оваа точка.

14. Забелешката која се однесува на наодот во точката **4.3.5**. од Нацрт извештајот во врска со некомплетна документација за неколку спроведени постапки за јавни набавки **не се прифаќа** со оглед на тоа што во изнесеното не се понудени докази кои би влијеале врз промена на наодот. Со оглед на тоа што ревизијата не изразува мислење за законитоста на спроведените јавни набавки наведени во оваа точка, и укажуваме на АМС дека исполнетоста на дадената препорака по оваа и сите останати точки од Нацрт извештајот ќе бидат предмет на посебна ревизија за следење на дадените препораки по истекот на 90 дена од доставувањето на Конечниот извештај.

**Прилог 1**

**Резултати**

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор Бр.0803-344/4 од 19.05.2009 година за Агенцијата за спорт и млади**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Точка од наодот** | **Наод** | **Препорака** | **Спроведена или не и како е спроведена** | **Причина за неспроведување ако е спроведена Ефектот** |
| | | | | |
| | **11.1.** Систематизација и организација | | | |
| 11.1.1. | Со увид во измените на Правилникот за систематизација и организација, ревизијата утврди дека е систематизиран уште еден Сектор за капитални инвестиции, што не е во согласност со Законот за организација и работа на органите на државната управа во кој е дефинирана надлежноста на Агенцијата како и со Законот за спорт, во кој е дефинирано дека Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти во сопственост на Република Македонија има одговорност за инвестиционо и тековно одржување на објектите за | Владатана РМ да го преиспитафункционирањето и управувањето со Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти. | Препораката е делумно спроведена | Поради финансиските проблеми во кои се наоѓа ЈП за стопанисување со спортски објекти не е извршено префрлање на надлежностите за изградба на спортски објекти од МАС на ЈП, поради што неопходно е постоење на сектор за капитални инвестиции во рамките на АМС. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | спорт.<br>Според укажувањата на одговорните лица од Агенцијата за млади и спорт, формирањето на Секторот за капитални инвестиции е заради несоодветното функционирање на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти кое е перманентно со финансиски проблеми и блокирана сметка. | | | |
| 11.1.2. | Во функција на успешно функционирање на контролниот систем и правилна алокација на средствата за развој на спортот во Република Македонија, ревизијата, во Конечниот извештај за 2005 година, укажа на неопходноста од целосно имплементирање на Законот за спорт со формирање стручни тела, назначување стручни лица и воспоставување информатички спортски систем. И покрај тоа, ревизијата утврди дека:<br>не е формирано стручно советодавно тело - Совет за спорт, од редот на истакнати стручни и научни работници од областа на спортот;<br>— не е воспоставен | Секторот за инспекциски надзор и контрола да ја зајакне контролата на наменското и законско трошење на буџетските средства на сите корисници на средства од буџетот на министерството, со вработување на стручни лица со цел поефикасна и поажурна контрола на расходите во дејностите од областа на културата. | Препораката е делумно спроведена | Извршено е формирање на Советот за спорт, додека не е постапено во поглед на корекција на останатите состојби од овој наод. Овој недостаток е опишан во извештајот од извршената ревизија за 2012 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | информатички спортски систем и не е изготвен правилник за организирање, водење и управување на истиот, во функција на организирано следење и унапредување на состојбата и развојот на спортот, предвидено со Законот за спорт.<br>— Назначени се стручни лица - двајца инспектори надлежни да вршат надзор на работите од областа на спортот, за остварување на јавниот интерес во спортот во надлежност на државата, на средствата за реализација на прифатените програми од јавен интерес, за остварување на Програмата, на правата на спортистите, на спортските клубови.<br>Од извршеното интервју и со увид во документацијата од извршениот инспекциски надзор, ревизијата се информира дека, поради недоволен број на извршители, инспекторите вршат надзор по повик од спортски | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | клубови или федерации кои се соочуваат со актуелни проблеми. Доставените извештаи за потрошените средства по програми не се анализираат за да се согледаат ефектите од вложените средства и не се врши стручна анализа на прашања значајни за примената на законскатата и подзаконската регулатива од областа на инспекцискиот надзор во работењето на спортски клубови и други субјекти кои вршат дејност спорт.<br>Во услови на нефункционирање на соодветните тела, системи и стручни лица, контролните постапки не обезбедуваат исправност и законитост на сметководствените промени што повлекуваат значајни материјално финансиски обврски за субјектот.<br><br>Во текот на 2008 година започнати се активностите во подготвување на подзаконски акти кои ќе ги опфатат претходно наведените активности. | | | |
| 11.1.3. | Агенцијата за млади и спорт како орган на државната управа надлежен за | Да се обезбеди целосна примена на Законот за спорт, | Препораката е делумно спроведена | Состојбата во однос на овој наод е подобрена во однос на ревизијата за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | следење на спортските и спортско - рекреативните активности, има обврска да донесе подзаконски акти со кои се овозможува спроведување на Законот за спорт односно функционирање на дејноста спорт. Од извршениот увид ревизијата констатира дека Законот за спорт не е целосно спроведен поради тоа што:<br>— не е донесен правилник за формата и содржина на образецот за запишување и бришење на професионалните спортски клубови во Регистарот,<br>— не се води Регистар на професионални спортски клубови,<br>— не е пропишан образец за регистарот на професионални спортисти,<br>— не се води регистар на професионални спортисти што настапуваат во системот на натпревари,<br>— не е формирана национална анти допинг комисија од редот на стручни, научни и други истакнати работници,<br>— не се донесени поблиски прописи за здравствената контрола, за обемот и начинот на организирање на итната медицинска помош и допинг – контролата,<br>— не се утврдени посебните услови што се однесуваат на функционалноста, опремувањето и безбедноста на објектите за спорт, | со цел успешно функционирање на дејноста спорт. | | 2007 година при што АМС сеуште нема воспоставено регистар на професионални спортисти кои настапуваат во националниот систем на антрпевари а во тек е усвојувањето на подзаконските акти за здравствена контрола и за итна медицинска помош. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | — не функционира Правилникот за категоризација на објектите донесен во 2005 година<br>Во услови на неизготвени подзаконски акти како предуслов за изграден контролен систем и нецелосно дефинирање на контролни постапки оневозможено е целосно функционирање на дејноста спорт. | | | |
| 11.1.4. | При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на исплата на плати, ревизијата констатира дека пресметката на платата се изготвува врз основа на податоци од одделението за човечки ресурси, при што:<br>— не се зема предвид евидентната листа од електронската евиденција на времето на доаѓање и одење од работа;<br>— раководителите на секторите не ги одобруваат патните налози за теренска работа и не вршат впарување на податоците од евидентната листа со издадените налози за теренска работа;<br>— одговорното лице за пресметка на плата не добива навремени податоци за отсуство од работа поради боледување или службен пат, а одбитоците по овој основ ги врши со задоцнување, по доставување на потребните документи од страна на вработените.<br><br>Во услови на постојното контролно | — При изработка на евидентните листи да се има предвид времето на доаѓање и одење како и времето поминато на теренска работа,<br>— Раководителите на секторите да вршат одобрување на патните налози и впарување на истите со евидентната листа. | Препораката не е спроведена | Иако е воспоставен систем за електронска евиденција на присуството на работното место, АМС нема воспоставено систем кој ќе гарантира дека исплатата на плати се врши врз основа на часовите поминати на работа. На ова прашање се осврнавме и во извештајот од извршената ревизија за 2012 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | опкружување кај процесот на исплата на плати, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли функционираат на начин кој не гарантира дека постои јасно дефиниран систем за одобрување на пресметката на платата, како и дека исплатените плати се пресметани врз основа на часовите поминати на работа. | | | |
| | **11.2. Примена на законски акти** | | | |
| 11.2.1. | Со увид во сметководствената евиденција ревизијата констатира дека Агенцијата постапувајќи по Заклучокот на Владата на Република Македонија, пристапила кон изградба на спортските сали од „Проектот 35 спортски сали“, лоцирани во училишните односно универзитетските дворови или во нивна непосредна близина, и на фудбалските игралишта од „Проектот 50 фудбалски игралишта“. По завршување на изградбата Агенцијата треба да ја пренесе сопственоста за салите на воспитно-образовните установи, а за игралиштата на општините на чие подрачја се градат. Владата на Република Македонија го донела Заклучокот откако ја разгледала Информацијата за Проектот 35 спортски сали, во која е опишана сложеноста на состојбата во која западнале недоизградените спортски | — Владата на Република Македонија да преземе мерки и конкретни активности за да се обезбеди целосно функционирање на објектите за спорт и за спортски активности.<br>— Владата на Република Македонија да ги има предвид надлежностите на одделните правни субјекти дефинирани во законската регулатива. | Препораката е спроведена. | Спортските објекти кои ги гради АМС се предаваат на користење на ЕЛС на чија територија се градат истите. За правата и обврските на ЕЛС во поглед на располагањето со овие објекти изготвени се соодветни подзаконски акти. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | сали, чија градба започнала во 2002 година. Но, донесениот Заклучок:<br>— Не е усогласен со одредбите од Законот за организација и работа на органите на државната управа во кој се наведени надлежностите на АМС,;<br>— Не обезбедил непречено функционирање на постојните објекти за спорт, односно Владата на Република Македонија не презела мерки и активности за надминување на неповолната состојба во која се наоѓа Јавното претпријатие надлежно за стопанисување со спортски објекти во сопственост на Република Македонија, во смисла да го задолжи истото:<br>— да ги поништи договорите за закуп што не се во согласност со Законот за спорт, односно што се однесуваат на закуп на спортски објекти кои се во функција на спортот,<br>— да ги раскине договорите за закуп поради неисполнување на обврските од договорите и наплата на заостанатите побарувања,<br>— да преземе соодветни мерки за враќање во владеење на објекти кои се узурпирани од поедини правни и физички лица. Владата на Република Македонија во февруари 2008 година формирала работна група од експерти од Министерството за правда, Министерството за транспорт | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | и врски, Министерството за финансии, Државното правобранителство и Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти во сопственост на Република Македонија, и ја задолжила работната група да изготви Информација по склучените договори за спортските објекти. По доставената Информација од страна на работната група во јуни 2008 година, Владата на Република Македонија не расправала и не презела конкретни мерки. Ставот на работната група е дека спортските објекти не треба да бидат издавани под закуп, туку да бидат давани на користење и нивна отчетност. | | | |
| 11.2.2. | Со увид во документацијата, ревизијата не се увери дека трансферот на средства до општините во износ од 76,805 илјади денари е правично распределен, имајќи предвид дека сите општини по барање на Агенцијата доставиле приоритетни барања за изградба на спортски игралишта со вкупна вредност од 504,317 илјади денари, а средствата ги добиле само четириесет општини. Ревизијата изврши увид во седум општини и се увери дека средствата се наменски искористени, но поради неутврдени пишани критериуми не се увери дека е направена правична распределба на | Одговорното лице да дизајнира критериуми при трансферирање на буџетските средства до крајните корисници и истите целосно да ги имплементира. | Препораката не е применлива | АМС не врши трансфери на средства до ЕЛС во текот на 2012 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | истите. | | | |
| 11.3. | Неправилности во искажување на билансните позиции | | | |
| 11.3.1. | Со увид во Билансот на состојба, ревизијата не се увери во реалноста на позицијата Материјални средства во подготовка во износ од 503,970 илјади денари, на која е евидентиран Проектот 35 спортски сали од 2002 година во износ од 388,969 илјади денари и средствата што Агенцијата за млади и спорт ги вложила во спортските објекти согласно Заклучокот на Владата на Република Македонија во износ од 115,001 илјада денари, од причина што дел од објектите во изградба се активирани без претходно утврдена вредност и сопственост на истите и дадени се под закуп со договори кои не и беа презентирани. Наведеното беше констатирано и во Конечниот извештај за 2005 година. | — Владата на Република Македонија да формира комисија од стручни и компетентни лица, за да се утврди вредноста на активираните спортски објекти, и да се реши статусот на сопственоста на спортските објекти.<br>— Активираните спортски објекти да се евидентираат во билансите на субјектите што ќе стопанисуваат со истите. | Препораката е спроведена | Одговорните лица во АМС вршат правилно евидентирање на вредноста на објектите кои се во изградба, што служи како основа за проценување на вредноста на објектите при нивното отстапување на ЕЛС. |
| 11.4. | Законско и наменско користење на средствата | | | |
| 11.4.1. | Ревизијата изврши увид во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки и констатира дека Комисијата за јавни набавки постапувајќи по Одлуката на Владата, според која во критериумите за избор на најповолен понудувач најголем број бодови -80 се | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | однесуваат на цената, во постапката за реализација на „Проектот 35 спортски сали. Ревизијата утврди дека салите не се изградени во предвидениот рок до 31.12.2008 година, односно од 35 те сали изградени се 10, во активна градба се 9, во пасивна градба се 4(прекината градба), а за 12 во тек е обезбедување на градежна дозвола. Со увид во документацијата и извршеното интервју со вработените, ревизијата констатира дека обврските не се исполнети во договорениот рок поради некоординираното и неефикасно работење на институциите при обезбедување на градежните дозволи, несоодветно изготвена проектна документација (предмер пресметка), како и несоодветна финансиска конструкција од изведувачот прифатена со спроведување на постапката за јавна набавка. Заради изведување на дополнителните и непредвидените работи, во текот на 2008 година склучен е анекс договор со кој:<br><br>— извршено е зголемување на вредноста од основниот договор за 30 %,<br>— пролонгиран е рокот за изградба за една година односно до 31.12.2009 година.<br><br>Ревизијата смета дека со прифатената | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | понуда врз основа на невообичаено ниската цена се доведува во прашање целосната, навремената и квалитетната реализација на проектот. | | | |
| 11.4.2. | За изборот на добавувач за изработка на Идеен проект за градење на 2 современи пливачки базени со стандарди за организација на светски, европски и регионални пливачки првенства чија вредност изнесува 169 илјади денари, како и за изработка на Идеен проект за градење на 5 покриени пливачки базени чија вредност изнесува 143 илјади денари спроведена е постапка за јавна набавка од мала вредност. Ова е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки, според кој набавката на проект или план од областа на просторното и урбанистичкото планирање, архитектурата, градежништвото и обработката на податоците набавувачот ја врши врз основа на спроведен конкурс. Наведената постапка предизвикала отсуство на фер конкуренција за еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност. | Владата на Република Македонија да ја преиспита Одлуката за избор на понудувач со најниска цена, односно да остави простор за примена на критериумот за избор на економски најповолна понуда, особено кога се работи за капитални инвестиции. | Препораката не е применлива | Во извештајот од извршената ревизија за 2012 година наведени се повеќе забелешки за спроведените постапки за јавни набавки. |
| 11.4.3. | Ревизијата изврши верификација на расходите од ставката Други трансфери и констатира дека од оваа ставка направени се трошоци по основ на судско решение во износ од 9,524 | Владата на Република Македонија да дефинира материјална одговорност и правила за надомест на средства од лицата кои при | Препораката не е применлива | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | илјади денари. Имено, Агенцијата во 2002 година потпишала Договор за цесија, и покрај тоа што на цедентот му исплатила повеќе средства за извршените работите. Поради неисполнување на договорот за цесија, во 2006 година, донесена е пресуда на штета на Агенцијата поради тоа што не биле приложени докази дека договорот не е исполнет, односно дека градбата е несоодветна и со многу недостатоци. | вршење на службената должност, поради склучување на штетни Договори и неодговорно однесување, предизвикале штета на државниот орган и ненаменско трошење на средствата предвидени за вршење на основната дејност. | | |
| 11.4.4. | Со увид во документацијата ревизијата не се увери во наменското користење на средства во износ од 14,000 илјади денари, од програмата Млади, наменети за трансфери до здруженија на граѓани и фондации и до хуманитарни организации, за проектите избрани на повик. Имено, и покрај тоа што одобрувањето и распределбата на средствата се одвива транспарентно преку повик во печатените медиуми, ревизијата констатира дека:<br>— не постојат пишани критериуми за оценување (вреднување) на понудените проекти, а воедно не е оставено право на жалба од страна на оние правни субјекти кои се одбиени,<br>— организационата поставеност и ангажираноста на вработените не е усогласена со обемот на работните задачи, пред се во делот на мониторинг процесот и евалуацијата | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (не постојат технички услови за проверка на самата реализација на одобрените средства кај корисникот),<br>— нема воспоставено контролни механизми за утврдување на ефектите од претходно реализираните средства како и дали се повторуваат исти корисници на средствата од година во година, односно исти проекти да се аплицирани во повеќе државни органи.<br>Во текот на 2008 година донесен е Правилник за определување постапка и утврдување критериуми за распределба на средства за подршка на проекти од областа на младите, во кој се дефинирани критериумите кои треба да ги исполнуваат проектите. | | | |
| 11.4.5. | За утврдување на законското и наменското трошење на средствата наменети за трансфери до здруженија на граѓани и фондации од програмата спорт, извршен е увид во сметководствената евиденција и продолжена ревизија во Сојузот на спортските федерации, Кошаркарската федерација и во боречката федерација. Ревизијата не се увери во наменското трошење на средствата во износ од 88,464 илјади денари, наменети за проектите избрани на повик, кои, преку | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | спортот, реализираат и промовираат меѓусебно запознавање, дружење и комуницирање, мултикултурни вредности, толеранција и соживот, поради невоспоставен контролен механизам за доделување и наменско користење на истите. И покрај забелешките во Конечниот извештај за 2005 година не се превземени активности за надминување на системските слабости, при што ревизијата повторно констатира дека не е утврдена Програма за развој на спортот за период од пет години, не се утврдени критериуми за распределба на средствата по корисници, не е формиран Советот за спорт кој треба да даде мислење за критериумите за распределба на средствата, не е изготвен извештај за остварување на програмата, и не е извршена контрола за наменското користење на средствата. Наведеното е спротивно на одредбите од Законот за спорт. | | | |
| 11.4.6. | Со извршената продолжена ревизија во Сојузот на спортски федерации, заради утврдување на наменското користење на буџетските средства кои се префрлени од Агенцијата за млади и спорт, ревизијата констатира дека во 2007 година од сметката на Агенцијата за млади и спорт е извршен трансфер на буџетски средства во вкупен износ од 22,117 илјади денари на сметката на | — Да се воспостават пишани критериуми за оценување (вреднување) на понудените проекти на здруженијата на граѓани од областа на спортот.<br>— Да се обезбеди поголема контрола во наменското трошење на средствата, исклучиво за претходно | Препораката не е спроведена | Забелешки во врска со начинот на трансферирање на средства и вршење на контрола на нивното наменско и законско трошење во текот на 2012 година се наведени во точките 4.1.1. до 4.1.8. од извештајот за спроведена ревизија на АМС за 2012 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Сојузот на спортски федерации, што претставува 92% од вкупните средства со кои располагало ова здружение во 2007 година. Од овие средства, 8.128 илјади денари се однесуваат на подмирени обврски за пет блокирани федерации, а 1.738 илјади денари се трансфери до шест општински спортски сојузи. За финансиска поддршка на Сојузот на спортски федерации, Агенцијата доделила 13.744 илјади денари, постапувајќи согласно склучениот договор со Сојузот на спортски федерации, при што го задржала правото за измена на износот за финансиска поддршка и доделила 2,5 пати повеќе средства од договорените 5.600 илјади денари. За реализација на дел од меѓународната програма наместо договорените 2.000 илјади денари, доделени се 10.928 илјади денари, што не се целосно искористени за меѓународни активности. Од извршениот увид ревизијата утврди дека во прилог на документацијата нема писмо/барање за планирање и користење на буџетските средства добиени од Агенцијата. Ревизијата не се увери во наменско трошење на средства во износ 5.372 илјади денари од страна на Сојузот на спортски федерации поради недостаток на соодветна документација за согледување на извршените работи и за утврдување за | дефинираните цели во развојот на спортот. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | кои лица, за каков повод и активности се исплатени средствата. | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Ревизорски тим:

1. ________________
2. ________________
3. ________________

Овластен државен ревизор

` ____________________________